## Јавен повик за членови на Иницијативен одбор за формирање на Локален младински совет во Општина Гевгелија

Општина Гевгелија распишува повик за членови на Иницијативен одбор во општина Гевгелија, кои ќе бидат дел од иницијативата за основање Локален младински совет во Општина Гевгелија.

Главната цел на формирањето на Локален младински совет е да се зајакнат капацитетите на младинското здружување на локално ниво, нивно формално препознавање од страна на Општината, како и заедничка работа за унапредување на младинските политики на локално ниво, преку развој на младински активизам, младинска работа и младинско учество во процесите на носење одлуки.

Членови на Иницијативниот одбор можат да бидат млади номинирани од младински организации или друг тип младински структури од општина Гевгелија. Иницијативниот одбор ќе го води основањето на Локалниот младински совет, ќе работи на креирање на структурата на телата и промоција на потребата од младинско организирање и младинско учество на локално ниво.

Членовите на Иницијативните одбори ќе бидат континуирано вклучени во активностите за формирањето на Локалниот младински совет, се до формирањето на Основачко собрание.

Активности за идните избрани членови на Локален младински совет:

- учество на обуки за младински активизам и младински политики;
- учество во унапредување на локалните младински политики преку организирање младински настани и акции;
- соработка со сите форми на младинско здружување на локално ниво;
- активно учество при спроведување на обуките и останатите активности предвидени со проектот;
- активно учество при изработка на локални младински документи.

Критериуми кои треба да ги исполнуваат младите лица кои сакаат да се вклучат во Иницијативниот одбор се:

- да бидат жители на општина Гевгелија,
- да бидат на возраст од 15 – 29 години,
- да бидат креативни и способни за индивидуална и тимска работа.

Критериумите за организациите кои сакаат да номинираат свој претставник како член во иницијативниот одбор се следните:

- да се младински здруженија, организации за млади, сојузи, унии, средношколски или студентски заедници, подмладоци на политички партии, спортски друштва, културно-уметнички друштва или друга форма на здружување на млади, формални или неформални здруженија на млади;
- да се регистирани и/или делуваат на подрачјето на општина Гевгелија;

- да номинираат свој претставник/чка (возраст меѓу 15 и 29 години) во Иницијативниот одбор и да имаат можност за континуирано и активно учество во активностите на проектот преку својот претставник;
- да имаат интерес за унапредување на локални младински политики;
- да имаат интерес за развој на младинското здружување на локално ниво;

НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

Заинтересираните кои ги исполнуваат горенаведените услови, а аплицираат како индивидуални лица за аплицирање треба да ги донесат следниве документи:

- Мотивационо писмо;
- Кратка биографија – CV;
- Уверенија добиени од курсеви, обуки и натпревари;
- писмени предлози од предлагачите (доколку ги има).

Организациите заинтересирани да аплицираат ќе треба да ги достават и следните документи:

- Портфолио на организацијата;
- Извештај за работата на здружението за 2020 година или друг документ во кои се наведени реализираните активности со млади, младински политки и иницијативи во општината.
- CV на претставникот/делегатот кој се номинира.

Сите заинтересирани млади лица, младински организации или други младински структури кои ги исполнуваат условите на повикот може да се пријават најдоцна до 16 јули, 2021 година, до 16:00 часот, на следнава електронска адреса: gevgelijao@t.mk. Контакт-телефон за информации: 034/213-843.

09-689/2
02.07.2021 г.
Гевгелија